Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.05.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2955 | 1 | . |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од контролниот надзор на програмскиот сервис на ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 5 до 11 мај 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

1. **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 14 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, во врска со предложениот Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на **ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, донесе заклучок да го задолжи Секторот за програмски работи, по истекот на рокот од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на поединечниот акт (решението), да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Констатации:***

Со контролниот надзор реализиран од 5 до 11 мај 2014 година, е констатирано дека ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), **во целост постапила по опомената** изречена на 05-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 29.01.2014 година.

Имено, со мониторингот е констатирано дека ги почитува:

- законската обврска да емитува најмалку 14 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија во текот на неделата. Во анализираната недела емитуваше 27 часа 48 минути и 2 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија;
- обврската за распределба на музиката - забавната музика беше застапена со 14 часа 26 минути и 40 секунди, а народната музика со 13 часа 21 минута и 22 секунди; и
- одредбата од став 6 на овој член, најмалку половина од обврската за музика, утврдена во став 4 (најмалку 7 часа во текот на една седмица), да ја остварува во периодот од 07.00 до 19.00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во периодот од 07:00 до 19:00 часот се емитувани над 20 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**